Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 35 став 1 алинеја 6 и член 37 став 1 алинеја 14 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006...96/2019), на ден 28.12.2021 година, го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија комуникацијата помеѓу Судскиот совет на Република Северна Македонија и Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе ја врши со Претседателот на Судскиот совет и член на Судскиот совет, во вршењето на нивните функции и надлежноста кои произлегуваат од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Законот за судовите, како и Судскиот деловник, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

На Општа седница одржана на 19.10.2021 година по точката од Дневниот ред „Разгледување и расправа по барањето доставено и потпишано од Член на Судски совет - Координатор за Врховен суд на Република Северна Македонија, Ханиф Зендели“, за доставување на податоци, се усвои Заклучок кој на ден 20.10.20121 година е доставен до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

По доставувањето на наведениот Заклучок усвоен на Општата седница, до Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија е доставена Ургенција бр.03-1571/2 од 25.11.2021 година, за истото барање за доставување на податоци потпишано од членот на Судскиот совет - Координатор за Врховен суд на Република Северна Македонија, Ханиф Зендели.

Со оглед на доставената Ургенција по истото барање, без да се постапи по Заклучокот донесен на Општата седница на 19.10.2021 година, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија свика Општа седница на 28.12.2021 година на која присуствуваа Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Павлина Црвенковска, Заменик претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, м-р Селим Адеми и Член на Судски совет - Координатор за Врховен суд на Република Северна Македонија, Ханиф Зендели.

На Општата седница се расправаше по донесениот Заклучок од 19.10.2021 година и по заклучувањето на расправата од страна на членовите на Општата седница беа прифатени дел од образложенијата и укажувањата на претставниците од Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Се одлучи Заклучокот од 19.10.2021 година да се редефинира и едногласно се усвои Заклучокот како во изреката.

Врховен суд на
Република Северна Македонија
Општа седница